КејДимитарВлахов бр.21
1000 Скопје
РепубликаМакедонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), точка 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации („Сл.весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 03.04.2018 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со следните евидентни броеви: 105793 и 109484 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП Оператор ДООЕЛ Скопје со адреса на ул.Филип Втори Македонски бр.3 ДЦ/Соравија -8-ми кат Скопје на негово барање.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно

.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со следните евидентни броеви 105793 и 109484 на ОНЕ.ВИП Оператор ДООЕЛ Скопје со адреса на ул.Филип Втори Македонски бр.3 ДЦ/Соравија -8-ми кат.

На 02.04.2018 година ОНЕ.ВИП Оператор ДООЕЛ Скопје , достави до Агенцијата за електронски комуникации барање за отповикување на горенаведените одобренија со број уп1-бр.0802-478.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15,193/15, 11/18 и 21/18), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-478
Скопје,

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- сектор за финансии и сметководство
- архива